INSTITUTE FOR ADVANCED COMPOSITES AND ROBOTICS

ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА

Приватна научна установа
ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА
Бр. 02-78/3
22.06 2020 год.
Прилеп

Врз основа на членовите 35, 36, 37, 38 и 39 од Законот за научно истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016), член 183 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018), член 54 од Статутот и член 11 од Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно - научни, научни и соработнички звања и двата акти на Приватната научна установа, Институт за современи композити и роботика, Прилеп, Наставно-научниот совет на Институтот за современи композити и роботика, Прилеп на седницата одржана на ден 22.06.2020г. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**I**

Се врши избор на кандидатот Ице Ѓуманделоски во звање асистент – истражувач од областа на Композитни материјали, за период од 3 години, почнувајќи од 23.06.2020 до 22.06.2023 година, а врз основа на стручната оцена на Рецензионата комисија во состав:

- Ред. Проф. д-р Благоја Самакоски – Приватна научна установа Институт за современи композити и роботика Прилеп;
- Ред. Проф. д-р Винета Сребренкоска – Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и
- Ред. Проф. д-р Светлана Ристеска – Приватна научна установа Институт за современи композити и роботика Прилеп.

**II**

Соработничкото звање во кое е се избира кандидатот е еквивалентно на асистент согласно Законот за високото образование.

**III**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**ДЕКАН**
Ред. Проф. д-р Светлана Ристеска

Приватна научна установа ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА Прилеп